Бр./Nr 12-1438/3
05-09-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 91-та седница одржана на 31.08.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1438/1 од 21.03.2023 година, со наводи за доцнење на исплата на надомест за нега до корисниците, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-1438/1 од 21.03.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 21.03.2023 година, поднесена е пријава со наводи за доцнење на исплата на надомест за нега до корисниците и оформен е предмет број 12-1438/1 од 21.03.2023 година.

Во пријавата се наведува дека негата кон корисниците касни половина година и подносителот прашува дали се подготвува наместена испорака на нега меѓу конзилијарните тела, претставниците на домовите за стари лица и некој друг посредник. Исто така укажува дека за лицата со прогресивни болести не е потребно да одат пред конзилиум и дека е доволна дијагноза, а не да се казнуваат членовите на фамилијата со прекинување на негата.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека наводите не упатуваат на злоупотреба на службената положба или овластување од страна на конкретни службени лица, односно се изразува незадоволство од начинот на доделување на надоместок за помош и нега од друго лице за што ДКСК нема елементи за надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk